Република Северна Македонија
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Бр.04- 501/8
09.05.2023 година
Скопје

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија'' бр. 58/2000, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на работник по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас за вработување на два извршители на определено време во Државниот инспекторат за земјоделство, објавен во дневниците ,,Слободен печат'' и ,,Коха'', согласно предложената листа во записникот, за работното место Советник инспектор – Државен фитосанитарен инспектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен премин во Република Северна Македонија во Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен премин -Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика - 1 извршител., се избира следниот кандидат:

- **Ристо Прчков**

2.Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на определено време во Државниот инспекторат за земјоделство, со потпишување на договор за вработување на определено време.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-13026/2 од 30.12.2022 година, Државниот инспекторат за земјоделство објави јавен оглас за вработување на еден извршител на определено време во дневниците ,,Слободен печат'' и ,,Коха''. По истекот на рокот за доставување на пријави, Комисијата за спроведување на постапката за вработување формирана со Решение бр.04-501/5 од 04.05.2023 година, изврши проверка на пристигнатата пријава од кандидатот и состави записник со архивски број 04-501/7 за поднесената пријава бр.04-501/6 од 05.05.2023 година. Во записникот се изврши проверка на приложените докази, врз основа на што се утврди дека кандидатот ги исполнува општите и посебните услови наведени во јавниот оглас. По спроведената постапка и интервју со кандидатот, Комисијата изготви записник и истиот го достави до Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство.

Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Кандидатот
- Одделение за човечки ресурси
- Архивата на ДИЗ

**В.Д. ДИРЕКТОР**
**м-р ЈАНЕ СТАНКОСКИ**

*Изработил: С.Д*
*Проверил: Е.А*
*Одобрил:М.М*